Врз основа на член 164, 165, 166, 170, 171, 172, 176 и 178 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), член 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2005; 106/2008; 161/2008; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 50/2010; 52/2010; 124/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015; 27/2016, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, распишува:

КОНКУРС

за избор на лица во сите наставно научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје

А. ФАКУЛТЕТ ЗА ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ

1. Избор на наставник по сите научни наставни звања од наставно-научната област **ГЕРМАНИСТИКА**

В. ФАКУЛТЕТ ЗА ТЕХНИЧКИ НАУКИ

1. Избор на едно лице во соработничко звање - асистент, во наставно - научна област област **ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТИКА (ДРУГО)**
2. Избор на едно лице во соработничко звање - асистент, во наставно - научна област област **КОМУНИКАЦИСКО ИНЖЕНЕРСТВО И ДИЗАЈН**
3. Избор на едно лице во соработничко звање - асистент, во наставно - научна област област **ПЛАНИРАЊЕ**
4. Избор на едно лице во соработничко звање - асистент, во наставно - научна област областа **АВТОМАТИКА**

Услови и критериуми за избор:

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Покрај горенаведените општи услови, кандидатите треба да ги исполнуваат и условите и критериумите предвидени со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје.

Кандидатите се должни да ги поднесат следните документи:

- пријава за учество на конкурсот,
- кратка биографија
- Уверение за државјанство;
- Доказ за општа здравствена способност за работното место – Лекарско уверение;

- Доказ дека со правосилна судска пресуда не им е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност;
- Доказ за познавање на еден од трите најкористени јазици во Европската Унија (англиски, француски, германски);
- Диплома и уверение со оценки од двата, односно од трите завршени циклуса (доколку образованието е стекнато во странство да се приложи и нострификација со еквиваленција на оценките),
- список на научни и стручни трудови и по еден примерок на научни и стручни трудови, и тоа за точка А1 најмалку 5 научни трудови; и
- Одлука за претходен избор во наставно-научно звање (доколку има).

- Горенаведените документи мора да се достават во оригинал или заверени на нотар.

Работното време ќе биде утврдено согласно на распоредот за часови и актите на Универзитетот.
Паричниот износ на основната нето плата за наведената позиција е во согласност со актите на Универзитетот, наставната ангажираност на асистентот или наставникот во семестарот во кое е извршен изборот, до **37.805 денари** по точка В1, В2, В3 и, В4 до **52.614 денари** по точка А1,

Конкурсот трае **три (3) работни дена,** вклучувајќи го и денот на објавувањето на конкурсот, и трае до **27.10.2023 година**. Пријавата со потребните документи кандидатите треба да ги достават во просториите на Универзитетски кампус на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, НА УЛ. „Стари Водовод“ бб, со назнака: За Конкурс за избор на едно лице во сите наставно бнаучни звања, или соработничко звање на **Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје.**

А. Факултет за хуманистички науки
Б. Факултет за технички науки

Некомплетните и ненавремено доставени документи нема да бидат земени во постапка за разгледување.
Контакт број: 02/3161-004

Со почит,
Универзитет „Мајка Тереза” во Скопје